Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Македонија бр. 199/14, 44/15, 44/15 , 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров, пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров – Скопје, го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат граѓаните и правните лица, дека Општина Ѓорче Петров донесе Решение за организирање на повторна:

**Јавна анкета и Јавна презентација**

на предлог Детален урбанистички план Градска четврт СЗ 15,
Општина Ѓорче Петров – Скопје,

Планскиот опфат на **ДУП Градска четврт СЗ 15, Општина Ѓорче Петров – Скопје** е дефиниран со границите на четвртта СЗ 15 одредени со ГУП на Град Скопје 2012-2022, со следните граници на плански опфат:

- на север границата се движи по осовината на собирна улица - булевар „Партизански Одреди",
- на исток границата се движи по осовината на собирна улица „Ацо Шопов",
- на југ границата се движи по осовината на собирна улица „Ѓорче Петров" и
- на запад границата се движи по осовината на градска магистрала - булевар „Македонска Војска".

Вкупната површина на планскиот опфат, што ќе се применува при изработка на Деталниот урбанистички план Градска четврт СЗ 15, Општина Ѓорче Петров - Скопје, изнесува **14,43ha**, вклучувајќи ја и површината помеѓу регулационите линии одредени со ГУП на Град Скопје и површината до осовините на сообраќајниците.

- Повторната Јавна анкета ќе трае 5 работни дена од 14.05.2020год. до 20.05.2020год., согласно објавата за организирање на повторна јавна анкета и јавна презентација во јавните гласила „Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Во периодот на повторната јавна анкета и јавна презентација предлогот на Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 15, Општина Ѓорче Петров – Скопје ќе биде изложен во просториите на Домот на култура Ѓорче Петров, Општина Ѓорче Петров, секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот.
- Соопштението за организирање на повторна јавна анкета е објавено во Јавните гласила „Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Јавна презентација со стручно презентирање на планот за претставници на јавните претпријатија и институции, ќе се одржи на 15.05.2020 год. во 14:00 часот во просториите на Домот на култура Ѓорче Петров, додека Јавна презентација со стручно презентирање на планот за заинтересираните граѓани, ќе се одржи на 15.05.2020 год. во 15:00 часот во просториите на Домот на култура Ѓорче Петров.
- Повторната Јавна анкета и јавната презентација ќе се организира во согласност со Уредбата со законска сила за примена на Законот за просторно и урбанистичко планирање за време на вонредна состојба (Сл.весник на РСМ бр.89/2020) и Уредбата со законска сила за дополнување на уредбата за примена на Законот за просторно и урбанистичко планирање за време на вонредна состојба (Сл.весник на РСМ бр.116/2020) .
- Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да достават забелешки на анкетните листови во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**

Број 03- 1007/2

од 07.05 , 2020 година

Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Општина Ѓорче Петров СКОПЈЕ

**Александар Наумоски**